РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3879/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

Ивица Пренџов

Ели Данова

Дафина Стојаноска

Bekim Qoku

Мерита Колчи Кокалари

Игор Здравковски

Јанко Стојчевски

Ангелинка Петкова

Тони Јаневски

Миле Лефков

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ, по скратена постапка

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25) се уредуваат условите и начинот на вршењето на угостителската дејност. Согласно законот, угостителска дејност е давање на угостителски услуги за сместување и угостителски услуги за исхрана, односно давање угостителски услуги како приготвување и послужување на храна, приготвување оброци заради консумирање на друго место, послужување на алкохолни и безалкохолни пијалоци, приготвување и послужување на топли и ладни напивки и вршење на услуги за сместување. Угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност се обезбедуваат услови за реализација на една од обврските од Реформската агенда, односно чекорот поврзан со оптимизација на парафискалните давачки, со што ќе се овозможи ослободување на средства во износ од 4.281.623 евра за Република Северна Македонија во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Оттука, а поради брзиот технолошки развој и динамичното секојдневие на граѓаните на Република Северна Македонија, се наметна потребата од воведување на дигитализацијата, која носи многу придобивки што го подобруваат животот, ги поедноставува и подобрува јавните услуги, заштедувајќи време и пари и за граѓаните и за деловните субјекти, придонесува јавниот сектор да работи поефикасно и ѝ помага на економијата да расте. Од таа причина, се предлагаат измени и дополнувања на Законот за угостителската дејност со кои се дефинира и електронската форма на поднесувањето на барањето, издавањето на решенијата и комуникацијата меѓу субјектите и институциите.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност, се обезбедува ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите и институциите, како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите кои обезбедуваат услуги од јавен интерес, врз основа на утврдени стандарди и процедури, во согласност со одредбите на овој закон и посебните закони, сето во функција на обезбедување на електронски услуги за корисниците на истите, односно, за постапките за упис во регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност кој го води градоначалникот на општината, поднесување на пријава за исполнување на минимално-техничките услови и започнување со работа до Државниот пазарен инспекторат и до градоначалникот

на општината, постапката за добивање на ознаката за национален ресторан – меана, издавање на лиценца за вршење на угостителска дејност во угостителски објект ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, издавање на решение за угостителските објекти за сместување – хотели, издавање на решение за угостителските објекти за исхрана, издавање на решение за категоризација на куќи, станови и соби и издавање на решение за добивање на ознака за рурални средини.

По насока на препораките добиени од Европска комисија за спроведување на чекорот од Реформската Агенда "Врз основа на претходното мапирање на 377 давачки и препораките од поврзаниот проект за техничка помош финансиран од ЕУ, оптимизирани се 28 такви давачки. Согласно Методологијата за утврдување, пресметка, ревизија и оптимизација на 28 парафискални давачки на Владата на Република Северна Македонија, добиените пресметки при примена на унифицираната методологија, мерките за оптимизација упатуваат на оправдано зголемување на надоместокот за категоризација на угостителски објекти за сместување.

Законот чие донесување се предлага, се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25), по членот 4-в се додава нов член 4-г кој гласи:

„Член 4-г

Барањата од членот 4-а став 1 и членот 4-в став 1 од овој закон, можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација, преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги .

Доказот за правото на користење од членот 4-а став 2 алинеја 3 од овој закон, може да биде поднесен и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација, преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги .

Доказите од членот 4-а став 2 алинеи 1 и 2 и доказот за сопственост од алинеја 3 од овој закон, како и доказот од членот 4-в став 2 алинеја 1 од овој закон, по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 4-б ставови 1 и 2 и членот 4-в став 4 од овој закон можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањата од членот 4-а став 1 и членот 4-в став 1 од овој закон, доказите од членот 4-а став 2 алинеи 1, 2 и 3 од овој закон и решенијата од членот 4-б ставови 1 и 2 и членот 4-в став 4 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на физичкото лице, односно надлежната општина според местото каде што се даваат услугите, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.“.

Член 2

Во членот 7 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Пријавите од ставовите 1 и 2 на овој член можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставот 3 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, пријавите од ставовите 1 и 2 на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Државниот пазарен инспекторат и надлежната општина според местото каде што се даваат услугите, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Ставот 3 станува став 5.

Член 3

Во членот 8 по ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Известувањето од ставот 2 на овој член може да биде доставено и во електронска форма преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

По исклучок од ставот 3 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, известувањето од ставот 2 на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Град Скопје, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 4

По членот 19-д се додава нов член 19-ѓ кој гласи:

„Член 19-ѓ

Барањето од членот 19-в став 1 од овој закон може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 19-в став 2 од овој закон по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за

интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 19-б став 4 и членот 19-д став 1 од овој закон, можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбите од членот 19-б став 6 и членот 19-д став 2 од овој закон можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од членот 19-в став 1 од овој закон, доказите од членот 19-в став 2 од овој закон, решенијата од членот 19-б став 4 и членот 19-д став 1 од овој закон, и жалбите од членот 19-б став 6 и членот 19-д став 2 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на правното лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството или Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 5

Во член 21 во ставот 1 зборовите „на образец” се заменуваат со зборовите „и образец”.

Ставот 9 се менува и гласи:

„Потсетувањето се врши со достава на електронска порака на профилот на корисникот, носителот на лиценцата, на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на правното лице, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Ставот 10 се брише.

Член 6

Членот 21-а се менува и гласи:

„Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен со работите од областа на угостителството, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од член 21 став 1 од овој закон, донесува решение со кое го уважува барањето за издавање на лиценца.

Против решението на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството може да се изјави жалба до

Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.“.

Член 7

Во член 22 ставот 1 се менува и гласи:

„Лиценцата од членот 20 од овој закон се издава врз основа на решението од член 21-а став 1 од овој закон во истиот ден на денот на донесувањето на ова решение, со период на важност од една година.”.

По ставот 2 се додаваат два нови става 3 и 4 кои гласат:

„Органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството води регистар на издадени лиценци за угостителска дејност во угостителски објект ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор.

Формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот 3 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.“.

Член 8

По членот 22 се додава нов член 22-а кој гласи:

„Член 22-а

Барањето од членот 21 став 1 од овој закон, може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 21 став 2 точки 1), 2), 3) и 4) од овој закон по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 21-а став 1 и членот 21-б став 1 од овој закон, и лиценцата од членот 22 став 1 од овој закон можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбите од членот 21-а став 2 и членот 21-б став 2 од овој закон, можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или

Националната платформа за интероперабилност, барањето од членот 21 став 1 од овој закон, доказите од членот 21 став 2 точки 1), 2), 3) и 4) од овој закон, решенијата од членот 21-а став 1 и членот 21-б став 1 од овој закон, лиценцата од членот 22 став 1, и жалбите од членот 21-а став 2 и членот 21-б став 2 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на правното лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството или Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 9

Во членот 25 по ставот 5 се додаваат два нови става 6 и 7 кои гласат:

„Пријавата од ставот 1 на овој член и известувањето од ставот 3 на овој член можат да бидат и во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административните услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставот 6 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, пријавата од ставот 1 на овој член и известувањето од ставот 3 на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на надлежната општина според местото каде што се даваат услугите, односно Државниот инспекторат за труд, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 10

Во членот 27-г во став 1 во алинејата 1 износот „100” се заменува со износот „200”.

Во алинејата 2 износот „200” се заменува со износот „400”.

Во алинејата 3 износот „300” се заменува со износот „600”.

Во алинејата 4 износот „400” се заменува со износот „800”.

Во алинејата 5 износот „500” се заменува со износот „1.000”.

Член 11

По членот 27-е се додава нов член 27-ж кој гласи:

„Член 27-ж

Барањето од членот 27-в став 1 од овој закон може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 27-в став 3 точки 3) и 4) од овој закон и членот 27-г став 2 од овој закон можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 27-в став 3 точки 1) и 2) од овој закон по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 27-б став 6 и членот 27-е став 7 од овој закон можат да бидат издадени и во форма на електронски документи кои се доставуваат на профилот на корисникот, правното лице, на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од членот 27-в став 1 од овој закон, доказите од членот 27-в став 3 точки 1), 2), 3) и 4) и членот 27-г став 2 од овој закон, и решенијата од членот 27-б став 6 и членот 27-е став 7 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на правното лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 12

Во членот 28 во ставот 4 зборовите „комисиите донесуваат решенија” се заменуваат со зборовите „комисијата донесува решение”.

Во ставот 5 зборот „решенијата” се заменува со зборот „решението”.

Член 13

Во членот 29 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Кон барањето од ставот 2 на овој член се приложува следната документација:

1) решение за упис во трговскиот регистар, или документ за регистрирана дејност;

2) пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално-технички услови за работа и

3) податоци и докази за раководителите и другите вработени.”.

Во ставот 3 кој станува став 4, зборовите „од ставот 2 точките 1), 2), 5) и 7)” се заменуваат со зборовите „од ставот 3 точките 1) и 2)”.

Во ставот 4 кој станува став 5, зборовите „ставот 3” се заменуваат со „ставот 4”.

Ставот 5 станува став 6.

Член 14

По членот 33 се додава нов член 33-а кој гласи:

„Член 33-а

Барањата од членот 29 став 1 и членот 33 став 2 од овој закон, може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 29 став 3 точка 3) од овој закон, можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 29 став 3 точки 1) и 2) од овој закон по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 28 став 4 и членот 33 став 5 од овој закон, може да бидат издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот, правното лице, на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбата од членот 28 став 5 од овој закон, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или

Националната платформа за интероперабилност, барањата од членот 29 став 1 и членот 33 став 2 од овој закон, доказите од членот 29 став 3 точки 1), 2) и 3) од овој закон, решенијата од членот 28 став 4 и членот 33 став 5 од овој закон, и жалбата од членот 28 став 5 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на правното лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството или Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 15

Во членот 47 ставот 2 се менува и гласи:

„Категоризацијата на објектите од ставот 1 на овој член ја врши комисија за категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор во кои се даваат угостителски услуги (во натамошниот текст: комисија) формирана од градоначалникот на општината, а во градот Скопје од градоначалникот на Град Скопје.”.

По ставот 2 се додаваат четири нови става 3, 4, 5 и 6 кои гласат:

„Комисијата од ставот 2 на овој член е составена од три члена, кои имаат заменици, од редот на административните службеници вработени во општината, а во градот Скопје во градот Скопје.

Претседателот на комисијата се избира од редот на членовите на комисијата, за период од една година.

За извршената категоризација, на предлог на комисијата, градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на градот Скопје, во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето за категоризација, донесува решение за извршена категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор, со период на важност од три години.

Против решението од ставот 5 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.”.

Член 16

Членот 47-а се менува и гласи:

„Решението од членот 47 став 5 на овој закон се издава по поднесено барање од физичко лице давател на угостителски услуги, доставено до комисијата за категоризација од член 47 став 2 на овој закон, во соодветната општина според местото и адресата на објектот во кој ќе се даваат угостителските услуги.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставува:

1) решение за упис во регистарот донесено согласно член 4-б став 1 од овој закон;

2) пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално - технички услови;

3) доказ за сопственост за објектот во кој се даваат угостителските услуги за сместување;

4) изјава за согласност за давање угостителски услуги за сместување, од сосопственик/ци, доколку објектот има повеќе од еден сопственик (заверена на нотар);

5) копија од лична карта на барателот-физичкото лице и

6) доказ за платена административна такса во износ од 50 денари.

Службеното лице од општината, а во градот Скопје од Град Скопје, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 точките 1), 2) и 3) на овој член од надлежниот јавен орган, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член, да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.”.

Член 17

По членот 47-а се додаваат три нови члена 47-б, 47-в и 47-г, кои гласат:

„Член 47-б

Трошоците за категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор во кои се даваат угостителски услуги се на товар на физичкото лице давател на угостителски услуги за сместување.

Висината на трошоците од ставот 1 на овој член ја определува градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на Град Скопје.

Член 47-в

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на Град Скопје води регистар за категоризираните угостителски објекти од членот 27 став 2 од овој закон.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на Град Скопје, до 15 јануари во тековната година, за претходната година доставува извод од регистарот од ставот 1 на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, со цел формирање база на податоци на државно ниво.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на Град Скопје, два пати годишно, до 15 јануари во тековната година за претходната година и до 15 јуни во тековната година, доставува извештај од извршените промени во регистарот од ставот 1 на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот 1 на овој член, како и формата, содржината и начинот на доставување на изводот од регистарот од ставот 2 на овој член и формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот 3 на овој член, ги пропишува министерот кој

раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Изводот од регистарот од ставот 2 на овој член и извештајот од извршените промени во регистарот од ставот 3 на овој член можат да бидат доставени и во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги .

По исклучок на ставот 5 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, изводот од регистарот од ставот 2 на овој член и извештајот од извршените промени во регистарот од ставот 3 на овој член во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 47-г

Барањето од членот 47-а став 1 од овој закон може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 47-а став 2 точките 4) и 5) од овој закон, можат да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 47-а став 2 точките 1), 2) и 3) од овој закон по службена должност, можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решението од членот 47 став 5 од овој закон, може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот, физичкото лице, кое поднело барање за категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбата од членот 47 став 6 од овој закон, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на

електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од членот 47-а став 1, доказите од членот 47-а став 2 точките 1), 2), 3), 4) и 5), решението од членот 47 став 5, и жалбата од членот 47 став 6 од овој закон во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на физичкото лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството или Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 18

Во членот 50 во ставот 2 зборовите „раскинувањето на договорот" се заменуваат со зборовите „известувањето за раскинувањето на договорот".

Во ставот 3 зборовите „раскинувањето на договорот" се заменуваат со зборовите „известувањето за раскинувањето на договорот".

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

„Известувањето за раскинување на договорот од ставовите 2 и 3 на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок на ставот 4 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, известувањето за раскинување на договорот од ставовите 2 и 3 на овој член во форма на електронски документи се доставува преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на подрачната единица на Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција, државниот пазарен инспектор и надлежната општина, во согласност прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.".

Член 19

Во членот 53-ѓ во ставот 1 зборовите „членот 19-а" се заменуваат со зборовите „членот 53-а".

Член 20

По членот 53-ѓ се додава нов член 53-е кој гласи:

„Член 53-е

Барањето од членот 53-г став 1 од овој закон може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку

Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Доказите од членот 53-г став 2 точки 1) и 2) од овој закон по службена должност можат да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Решенијата од членот 53-в став 4 и членот 53-ѓ став 1 од овој закон може да бидат издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот, физичкото лице, кое поднело барање за добивање на ознака за рурални средини на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Жалбите од членот 53-в став 6 и членот 53-ѓ став 2 од овој закон може да бидат поднесени и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

По исклучок од ставовите 1, 2, 3 и 4 од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, барањето од членот 53-г став 1 од овој закон, доказите од членот 53-г став 2 точките 1) и 2) од овој закон, решенијата од членот 53-в став 4 и 53-ѓ став 1 од овој закон, и жалбите од членот 53-в став 6 и членот 53-ѓ став 2 од овој закон, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на физичкото лице, односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството или Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.”.

Член 21

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 39/16), членот 7 се менува и гласи:

„По членот 70-г се додаваат три нови члена 70-д, 70-ѓ и 70-е, кои гласат:

Член 70-д

Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на член и заменик член во Комисиите за категоризација и Комисијата за надзор, за несовесно извршување на службената должност и овластување, доколку на необјективен начин е утврдена категорија на угостителскиот објект.

За прекршокот утврден во ставот 1 од овој член, прекршочна постапка се води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 70-ѓ

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на фукционерот, или на раководното лице во Министерството за економија и труд, ако не го достави решението од членот 27-б ставот 5, до барателот на категоризцијата.

За прекршокот утврден во ставот 1 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 70-е

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок, на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 27-в став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 27-в став 4 од овој закон.

За прекршоците утврдени во ставовите 1 и 2 од овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“.

Член 22

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 53/16), членот 10 се менува и гласи:

„По членот 70-е се додава нов член 70-ж, кој гласи:

Член 70-ж

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од општината, а во градот Скопје во општината на градот Скопје, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 4-а став 3 и 4-в став 3 од овој закон.

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 19-в став 3, 21 став 3, 29 став 4 и 53-г став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во

членовите 4-а став 4, 19-в став 4, 21 став 4, 29 став 5, 47-а став 4 и 53-г став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од општината, а во градот Скопје во општината на градот Скопје, ако не реши по барањето во рокот утврден во членовите 4-б став 1 и 4-в став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 19-б став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 19-б став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 21-а став 1 од овој закон и не ја издаде лиценцата согласно членот 22 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 28 став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 28 став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 53-в став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 53-в став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од општината, а во градот Скопје на овластено службено лице од Град Скопје, ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 47 став 5 од овој закон.

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од општината, а во градот Скопје на овластеното службено лице од Град Скопје, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 47-а став 3 од овој закон.

За прекршоците утврдени во ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“.

Член 23

Започнатите постапки пред денот на влегување во сила на овој закон ќе се довршат според одредбите од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 16/25).

Член 24

Угостителите и физичките лица се должни да го усогласат своето работење според одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 25

Комисијата од членот 15 од овој закон ќе се формира во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 26

Регистрите од членовите 7 и 17 од овој закон ќе се воспостават во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 27

Подзаконските акти предвидени согласно одредбите од овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

До донесување на подзаконските акти од ставот 1 на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 28

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20) е основен закон во областа на угостителството, со кој се уредуваат условите за вршење на угостителска дејност во земјата.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност се обезбедуваат услови за реализација на една од обврските од Реформската агенда, односно чекорот поврзан со оптимизација на парафискалните давачки, со што ќе се овозможи ослободување на средства во износ од 4.281.623 евра за Северна Македонија во рамките на Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан. Имено, со Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност се дефинира и електронската форма на поднесувањето на барањето, издавањето на Решенијата и комуникацијата меѓу субјектите и институциите.

Предлог законот за изменување на законот за угостителската содржи 28 члена.

Со членот 1 се додава нов член 4-г во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност, со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и докази, издавање на решение, до поднесување на жалба во форма на електронски документи, поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 2, во член 7 се додаваат два нови става, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите за поднесување пријава за исполнување или промена на условите од членот 6 став 1 и започнувањето со работа, во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 3, во член 8 се додаваат два нови става, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и издавање на решение до поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 4 се додава нов член 19-ѓ во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност, со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и докази, издавање на решение, до

поднесување на жалба во форма на електронски документи, поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 5 се врши техничка измена во членот 21 став 1, односно зборовите „на образецот“ се заменуваат со зборовите „и образецот“.

Со членот 6 се менува членот 21-а од Законот за угостителската дејност и се воведува одредба за донесување решение со кое се уважува барањето за издавање лиценца.

Со членот 7 се менува член 22 став 1 од Законот за угостителската дејност со што се врши усогласување со новите измени на член 21-а, а се додаваат и два нови става заради воспоставување на посебен регистар на издадени лиценци за угостителска дејност во угостителски објект ноќен бар, кабаре, дископлуб и дископлуб на отворен простор, како и пропишување на формата, содржината и начинот на негово водење.

Со членот 8 се додава нов член 22-а, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и издавање на решение, до поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 9, односно членот 25 од Законот за угостителската дејност, се додаваат два нови става со кој се врши измена поради дигитализација на процесот, во однос на начинот на комуникација и поднесување на пријава за започнување на работното време, измена на работното време или затворање на објектот, помеѓу угостителот и градоначалникот на општината.

Со членот 10 се врши изменување на членот 27-г став 1 во делот на износите на надоместок за категоризација на угостителските објекти за сместување.

Со членот 11 се додава нов член 27-ж, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање, издавање на решение и поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 12, се врши усогласување на членот 28 бројот на комисии и решенија, т.е. се прецизира дека се работи за една комисија, а не повеќе комисии, односно едно решение, а не повеќе решенија.

Со членот 13, се воведува нов став во членот 29 од Законот за угостителската дејсност, со што се доуредува која документација треба да се приложи на барањето за категоризација на угостителските објекти за исхрана-ресторани.

Со членот 14 се додава нов член 33-а, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и издавање на решение до поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 15 се доуредува членот членот 47 од Законот за угостителската дејност при што се додаваат нови одредби со кои се воведува Комисија за категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор во кои се даваат угостителски услуги, и дополнително се уредува работата на комисијата и прецизира начинот на кој градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на Град Скопје донесува решение за извршена категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор по завршување на постапката за категоризација.

Со членот 16 се менува членот 47-а од Законот за угостителската дејност и се уредува издавањето на решението од членот 47 став 5, се пропишува потребната документација, постапките на службените лица и образецот на барањето.

Со членот 17 се додаваат три нови члена 47-б, 47-в и 47-г, по членот 47-а од Законот за угостителската дејност, со кои одредби се уредуваат трошоците за категоризација на куќи, апартмани, станови и соби за одмор, како и водењето на регистарот од членот 27 став 2. Со дополнувањата се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање и издавање на решение до поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 18 се додаваат нови ставови во членот 50 од Законот за угостителската дејност, со кои се врши измена поради дигитализација на процесот за начинот на комуникација и поднесување на известување за раскинување на договори, помеѓу туристичка агенција или туристичко биро и Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција и државниот пазарен инспектор.

Со членот 19 се врши техничка измена.

Со членот 20 се додава нов член 53-е, во кој се опфатени одредби од соодветниот дел од Законот за угостителската дејност со кои се врши дигитализација на процесите од поднесување на барање, издавање на решение и поднесување на жалба во форма на електронски документи поднесени со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат.

Со членот 21 се врши преименување на членот 70-д во член 70-е заради редоследност и соодветно и правилно нумерирање.

Со членот 22 се врши усогласување на членот 70-д со измените и дополнувањата на законот.

Со членовите 23, 24, 25, 26, 27 и 28 се уредени преодните и завршните одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за угостителската дејност се предвидува изменување и дополнување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложеното законско решение се менуваат одредбите од Законот за угостителската дејност се дефинира и електронската форма на поднесувањето на барањето, издавањето на решенијата и комуникацијата меѓу субјектите и институциите, со што се овозможува воведување на дигитализацијата на услугите, што значи поедноставување и унапредување на јавните услуги, остварува заштеда на време и финансиски средства за граѓаните и деловните субјекти и придонесува кон поефикасно функционирање на јавниот сектор, што позитивно влијае врз економскиот раст.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

Угостителска дејност можат да вршат трговски друштва и трговци поединци запишани во трговскиот регистар (во натамошниот текст: угостители).

Физичките лица кои согласно со одредбите на овој закон вршат угостителска дејност од се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општината, а во градот Скопје кај градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Формата и содржината, како и начинот на водење на регистарот од ставот 2 на овој член го пропишува министерот надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 4-а

Физичките лица кои согласно одредбите на овој закон вршат угостителска дејност поднесуваат барање за упис во регистарот до градоначалникот на општината, а во градот Скопје до градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставува:

- пријава до Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално - технички услови;
- доказ за сопственост доколку се работи за физички лица кои вршат угостителски услуги за сместување во куќи, апартмани и соби,
- доказ за сопственост, или доказ за правото на користење, доколку се работи за селски домаќинства во кои се даваат услуги на издавање соби и апартмани и
- доказ за платена административна такса во износ од 50 денари.

Службеното лице од општината, од општината во градот Скопје и од градот Скопје, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 алинејата 1, 2 и 3 на овој член од надлежниот јавен орган, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член, да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Формата и содржината на образецот на барањето од став 1 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 4-б

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, во рок од осум дена, од денот на приемот на барањето од членот 4-а став 1 од овој закон, донесува решение за упис во регистарот.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, во рок од осум дена, од денот на приемот на барањето од членот 4-а став 1 од овој закон, донесува решение за одбивање на барањето за упис во регистарот, доколку барањето е некомплетно.

Формата и содржината на образецот на решението од ставовите 1 и 2 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 4-в

Физичките лица, кои се регистрирани во регистарот од членот 4-а од овој закон, во рок од 15 дена, од денот на престанување на вршење на дејноста за која се регистрирани, поднесуваат барање за престанок на важење на решението за упис во регистарот.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставува:

- решение за упис во регистарот на физичките лица кои вршат угостителска дејност
- доказ за платена административна такса во износ од 50 денари.

Службеното лице од општината, а во градот Скопје во општината на градот Скопје, кое ја води постапката, по службена должност го прибавува доказот од ставот 2 алинејата 1 на овој член, од сопствената евиденција во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, врз основа на барањето од ставот 1 на овој член, во рок од осум дена донесува решение за престанок на важење на решението за упис на физичкото лице од регистарот.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Формата и содржината на образецот на решението од ставот 4 на овој член го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 7

Угостителот е должен исполнувањето на условите од членот 6 став 1 на овој закон и започнувањето со работа да го пријави на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, најмалку 15 дена пред почетокот на работењето на угостителскиот објект.

Угостителот е должен да ја пријави и промената на условите од членот 6 став 1 на овој закон на Државниот пазарен инспекторат, на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје според местото и седиштето на објектот, односно според местото каде што се даваат услугите, во рок од 15 дена од настанатите промени.

Министерот за економија и труд ги пропишува формата и содржината на образецот на пријавата од ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 8

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје води евиденција на угостителите кои започнуваат со работа на нивното подрачје.

Градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје го информира градоначалникот на градот Скопје за извршениот упис на физичките лица во регистарот во смисла на членот 4 став 2 од овој закон, како и за пријавувањето на угостителите кои започнуваат со работа на нивното подрачје во смисла ставот 1 од овој член.

Член 19-а

За угостителскиот објект за исхрана национален ресторан - меана, органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството издава посебна ознака.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на образецот на ознаката од ставот 1 на овој член.

За да може да ја добие ознаката од ставот 1 на овој член угостителскиот објект треба да ги исполни следниве критериуми:

1) извршена категоризација согласно со членот 27 од овој закон, со не изминат рок на важност;

2) понудата на храна во листите за јадење треба да биде во соодност од најмалку 70% домашни традиционални јадења споредбено со интернационалните јадења, додека понудата на вино и други пијалаци треба да биде во соодност од најмалку 80% вина и други пијалаци произведени во Република Северна Македонија споредбено со интернационални вина и други пијалаци;

3) при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од домашната традиционална култура, народни инструменти, носии, покуќнина - садови и слично;

4) облеката на персоналот треба да има апликации и мотиви од традицијата и

5) музиката која ќе се изведува во угостителскиот објект треба да биде изворна со акустичен звук.

Ознаката од ставот 1 на овој член не може да се пренесува.

Начинот и поблиските критериуми за добивање на ознаката од ставот 1 на овој член ги донесува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 19-б

Постапката за добивање на ознаката од членот 19-а од овој закон ја спроведува Комисија за спроведување постапка за добивање на ознаката национален ресторан - меана (во натамошниот текст: Комисијата) составена од пет члена, кои имаат заменици.

Комисијата ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството и е составена од два члена на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден член од Министерството за култура и туризам, еден член од туристичките комори и еден член од угостителското стопанство.

Членот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството во Комисијата е и претседател на Комисијата.

За спроведената постапка Комисијата изготвува решение во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, доколку се исполнети критериумите утврдени согласно со членот 19-а од овој закон.
Решението од ставот 4 на овој член се издава со важност од три години.
Против решението од ставот 4 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.
Трошоците за добивање на ознаката од членот 19-а став 1 од овој закон ги сноси угостителот.
Висината на трошоците од ставот 7 на овој член ги определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството врз основа на реално направените трошоци за работење на Комисијата и подготвувањето на решението.
Трошоците од ставот 7 на овој член се уплатуваат на сметка на сопствени приходи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 19-в

За добивање на ознаката од членот 19-а став 1 од овој закон угостителот поднесува барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.
Со барањето од ставот 1 на овој член се приложува:
1) решение од Централниот регистар на Република Северна Македонија и
2) решение за извршена категоризација
Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителство, кое ја води постапката по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 на овој член, од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 19-г

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството води Регистар за националните ресторани - меани.
Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на националните ресторани - меани.

Член 19-д

Ознаката од членот 19-а став 1 од овој закон се одзема со решение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во случаи кога носителот на ознаката ќе престане да ги исполнува критериумите утврдени согласно со овој закон.

Против решението од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за  одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 21

За добивање на лиценцата од членот 20 став 1 на овој закон угостителот е должен да поднесе барање за издавање на лиценца на образец за платен надоместок до Министерството за економија и труд за давање услуги за:
- кабаре - во денарска противвредност од 2.500 до 5.000 ЕВРА;
- ноќен бар - во денарска противвредност од 5.000 до 7.000 ЕВРА и
- дискоклуб и дискоклуб на отворен простор - во денарска противвредност од 7.000 до 10.000 ЕВРА.

Кон барањето од ставот 1 на овој член, се доставува:
1) решение за упис во трговскиот регистар издадено од Централниот регистар на Република Северна Македонија;
2) одлука за определување на висната на надоместокот за кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, донесена од советот на општината, а на град Скопје, советот на општината на град Скопје;
3) пријава за исполнување минимално-технички услови за вршење угостителска дејност;
4) согласност од органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи дека се исполнети условите за заштита на јавниот ред и мир и безбедност на сообраќајот и
5) доказ за платена админситративна такса од 50 денари.

Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителство, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 точките 1, 2, 3 и 4 од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член ја определува советот на општината, а за градот Скопје, Советот на градот Скопје.

Надоместокот од ставот 1 на овој член 50% се уплатува на сметка на општината, а во градот Скопје на сметката на градот Скопје, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Северна Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Министерството за економија и труд 30 дена пред истекот на рокот на важноста на претходно издадена лиценца го потсетува носителот на лиценцата за периодот на важноста на истата.

Потсетувањето се врши преку доставување на електронска порака на е-маил адресата од тековната состојба на правното лице.

Потсетувањето може да се врши и со СМС - порака, доколку носителите на лиценца дале претходна согласност дека тоа ќе биде на нивен трошок.

Член 21-а

Против решението на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, со кое е одбиено барањето за издавање на лиценцата може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 22

Лиценцата од членот 20 од овој закон се издава во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од страна на вршителот на угостителската дејност и важи за период од една година.

Лиценцата не може да се пренесува.

Член 25

Угостителот е должен часот на започнувањето на работното време и распоредот на работното време да го пријави на градоначалникот на општината, а во градот Скопје на градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и на Државниот инспекторат за труд во рок од осум дена пред денот на почетокот на вршењето на угостителската дејност и пред измената на часот и распоредот на работното време на угостителскиот објект.

Градоначалникот на општината, а во градот Скопје, градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје водат евиденција за работното време на угостителските објекти што работат на подрачјето на нивната надлежност.

Во случај на објективни причини што бараат затворање на угостителскиот објект или измени на работното време на кои угостителот не може да влијае, угостителот може да го затвори угостителскиот објект, односно да го измени распоредот на работното време без да ја има исполнето обврската од ставот 1 на овој член. За тоа е должен да го извести градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на општината на подрачјето на градот Скопје, како и Државниот инспекторат за труд во рок од пет дена од денот на настанувањето на причината.

Угостителот ја поднесува пријавата на образец за утврдување на часот на започнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на економија и труд ги пропишува формата и содржината на образецот за утврдување на часот на започнувањето на работното време и распоредот на работното време.

Член 27

Угостителските објекти за сместување (хотел, мотел, пансион, туристички апартман планинарски и ловни домови), како и угостителскиот објект за исхрана - ресторан и национален ресторан - меана, пред започнување со вршење на дејноста задолжително се категоризираат според условите и стандардите пропишани за одделни видови на овие објекти во поглед на уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите со ѕвездички.

Куќите, становите и собите за издавање од страна на физичките лица и селските домаќинства задолжително се категоризираат според условите предвидени во ставот 1 на овој член.

Член 27-а

Категоризацијата на угостителските објекти за сместување од членот 27 став 1 ја врши Комисија за категоризација на угостителските објекти (во натамошниот текст: Комисија), формирана од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Комисијата работи во состав од 13 члена, од кои четворица претставници од Министерството за економија и труд, тројца претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, еден претставник од Министерството за финансии, еден претставник од Министерството за транспорт, еден претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, еден претставник од Министерството за култура и туризам, еден претставник од Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и еден претставник од Државниот пазарен инспекторат.

Членовите на Комисијата имаат свои заменици.

Членовите и замениците на членовите на Комисијата е потребно да бидат со завршено високо образование од областа на градежништво, архитектура, економија, туризам и угостителство и право, во зависност од надлежностите на органите на државната управа од каде што се предлагаат.

Претседателот на Комисијата се избира од редот на членовите на Комисијата, за период од една година, според приниципот на ротирање.

За работата во Комисијта, на членовите и на замениците членови им следува надоместок.

Начинот на работа на Комисијата поблиску се уредува со Деловник за работа, кој го донесува Комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Стручните и административно-технички работи за потребите на Комисијата ги врши организациската единица надлежна за работите од областа на угостителството во Министерството за економија и труд.

Член 27-б

Комисијата од членот 27-а има овлстување да врши категоризација на угостителските објекти за сместување наведени во членот 27 став 1 од овој закон.

За извршената категоризација, Комисијата подготвува извештај со предлог за определена категорија на угостителскиот објект, во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за категоризација.

Извештајот од ставот 2 на овој член се подготвува врз основа на извршен непосреден увид од страна на Комисијата во угостителскиот објект кој е предмет на барањето за категоризација. Составен дел на Извештајот од ставот 2 на овој член е фотографски документиран материјал кој се користи како доказ за исполнување на условите и стандардите според кои се врши категоризацијата, како и предложената категорија за угостителскиот објект и начинот на гласење на секој член на Комисијата, поединечно, со соодветно образложение за предложената категорија.

Извештајот од ставот 2 на овој член, се усвојува и потпишува од страна на сите членови на Комисијата и истиот се доставува до Министерството за економија и труд во рок од 3 дена од денот на неговото усвојување.
Врз основа на Извештајот од ставот 2 на овој член, Министерството за економија и труд најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на Извештајот го доставува истиот до Владата на Република Северна Македонија со предлог Решение за утврдување категорија на угостителскиот објект.
Владата на Република Северна Македонија, донесува решение за утврдување категорија на угостителскиот објект, со период на важност од три години.
Доколку на угостителскиот објект му е утврдена категорија, повисока од предложената во барањето од членот 27-в став 2 точка 4, во решението од ставот 6 на овој член, се предвидува обврската за барателот на категоризацијата да изврши доплата на надоместокот до износот за соодветната категорија од членот 27-г став 1 од овој закон.
Против решението од ставот 6 на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.
Решението од ставот 6 на овој член, заедно со Извештајот од ставот 2 на овој член, се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.
Министерството за економија и труд го доставува решението од ставот 6 на овој член, до барателот на категоризцијата, во рок од пет дена, од денот на неговото донесување.
Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата и содржината на Извештајот од ставот 2 на овој член.

Член 27-в

Барањето за категоризација на угостителскиот објект за сместување од членот 27 став 1, се доставува до Комисијата за категоризација утврдена во членот 27-а од овој закон, преку организациската единица надлежна за работите од областа на угостителството.
Барањето од ставот 1 на овој член, ги содржи следните податоци:
1) фирма и адреса на угостителот;
2) вид, назив и седиште на угостителскиот објект;
3) услугите кои ќе бидат предмет на работење на угостителскиот објект;
4) предлог категорија на угостителскиот објект;
Кон барањето од ставот 1 на овој член се приложува следната документација:
1) решение за упис во трговскиот регистар, или документ за регистрирана дејност;
2) пријава Државниот пазарен инспекторат за исполнети минимално-технички услови за работа;
3) податоци и докази за раководителите и другите вработени и
4)доказ уплатница за платен надоместок до Министерството за економија и труд за услугата – категоризација.
Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 3 точките 1, 2 и 3 од овој член, од надлежните јавни органи, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 4 од овој член, да ги достави во рок од три дена, од денот на приемот на барањето.
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 27-г

Надоместокот од член 27-в, став 3, точка 4 е во износ од:
-100 евра, во денарска противвредност за категорија на угостителскиот објект со една ѕвезда.
-200 евра, во денарска противвредност за категорија на угостителскиот објект со две ѕвезди.
-300 евра, во денарска противвредност за категорија на угостителскиот објект со три ѕвезди.
-400 евра, во денарска противвредност за категорија на угостителскиот објект со четири ѕвезди.
-500 евра, во денарска противвредност за категорија на угостителскиот објект со пет ѕвезди.
Доколку на угостителскиот објект му е утврдена категорија, повисока од предложената во барањето од членот 27-в став 2 точка 4, барателот на категоризацијата има обврска во рок од пет дена од приемот на решението од членот 27-б став 6 да изврши доплата на надоместокот до износот за соодветната категорија од ставот 1 на овој член.
Доколку на угостителскиот објект му е утврдена категорија, пониска од предложената во барањето од членот 27-в став 2 точка 4, Министерството за економија и труд има обврска на барателот на категоризацијата да му ја врати разликата помеѓу надоместокот кој го уплатил за предложената категорија и износот предвиден за уврдената категорија во ставот 1 од овој член.
Доколку, барателот на категоризацијата не постапи во согласност со ставот 2 од овој член, решението од членот 27-б став 6 е ништовно и угостителскиот објект не може да започне со работа.
Доколку, Министерството за економија и труд не постапи во согласност со ставот 3 од овој член, барателот на категоризацијата има право да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Член 27-д

Трошоците за категоризација на угостителскиот објект за сместување од членот 27 став 1 и надоместокот на членовите на Комисијата од членот 27-а ги сноси угостителот.
Трошоците од ставот 1 на овој член и надоместокот на членовите на Комисијата од членот 27-а и на Комисијата од членот 27-ѓ ги определува Владата на Република Северна Македонија.

Член 27-ѓ

Надзор над работата на Комисијата од членот 27-а и надзор над одржувањето на критериумите врз основа на кои е добиена соодветната категорија, од страна на

угостителот, го врши Комисија за надзор формирана од Владата на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија за надзор).
Комисијата за надзор работи во состав од пет члена од кои: двајца на предлог на Министерство за економија и труд, еден на предлог на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, еден на предлог од Министерството за финансии и еден на предлог од Министерството за транспорт.
Членовите на Комисијата за надзор имаат свои заменици.
Членовите и замениците на членовите на Комисијата за надзор е потребно да бидат со завршено високо образование од областа на градежништво, архитектура, економија, туризам и угостителство и право.
Претседателот на Комисијата за надзор се избира од редот на членовите на Комисијата, за период од една година, според приниципот на ротирање.
За работата во Комисијата за надзор, на членовите и на замениците членови им следува надоместок.
Начинот на работа на Комисијата за надзор поблиску се уредува со Деловник за работа, кој го донесува Комисијата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.
Стручните и административно-технички работи за потребите на Комисијата за надзор, ги врши организациската единица надлежна за работите од областа на угостителството во Министерството за економија и труд.

Член 27-е

Комисијата за надзор е должна да изврши најмалку пет редовни надзори на месечно ниво, во угостителски објекти од различна категорија.
Комисијата за надзор е должна и да врши вонредни надзори по претставки на физички и правни лица за неисполнетост на критериумите за категоризација во угостителските објекти за сместување од членот 27, став 1 на овој закон.
За извршениот надзор, Комисијата за надзор подготвува записник, чиј составен дел е и прилогот со фотографски документиран материјал.
Врз основа на записниците од извршениот надзор во претходниот месец, најдоцна до 5-ти во наредниот месец, Комисијата за надзор доставува Извештај за извршен надзор, со предлог мерки до Министерството за економија и труд.
Извештајот од ставот 4 на овој член, се усвојува и потпишува од страна на сите членови на Комисијата.
Врз основа на Извештајот од ставот 4 на овој член, Министерството за економија и труд најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на Извештајот го доставува истиот до Владата на Република Северна Македонија, со предлог-мерки за надминување на утврдени недостатоци кои може да се однесуваат на намалување, односно зголемување на категоријата, со предлог-мерки против членови, односно заменици на членови на Комисија од членот 27-а од овој Закон.
Владата на Република Северна Македонија, донесува ново решение за утврдување категорија на угостителскиот објект, на предлог на Министерството за економија и труд, а врз основа на Извештајот на Комисијата од членот 27-ѓ, со период на важност од три години.
Против решението од ставот 7 на овој член, може да се поведе управен спор пред надлежен суд, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Решението од ставот 7 на овој член, заедно со Извештајот од ставот 4 на овој член, се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

Член 28

Категоризацијата на угостителските објекти за исхрана-ресторани од членот 27 став 1 ја врши комисија за категоризација на угостителските објекти (во натамошниот текст: комисија) составена од пет члена, кои имаат заменици.

Комисијата од ставот 1 на овој член ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден претставник од Државниот инспекторат за труд, еден претставник од органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството, еден претставник од локалната самоуправа на чија територија се врши категоризацијата и еден претставник од угостителското стопанство.

Еден од членовите од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството во комисиите од ставот 1 на овој член е и претседател на комисијата.

За извршената категоризација комисиите донесуваат решенија во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, со период на важност од три години.

Против решенијата од ставот 4 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Член 29

Решението од членот 28 став 4 на овој закон се издава на барање на угостителот доставено до комисијата за категоризација.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува на образец кој содржи:

1) податоци од упис во трговскиот регистар;
2) фирма и адреса на угостителот;
3) вид, назив и седиште на угостителскиот објект;
4) услугите кои ќе бидат предмет на работење на угостителскиот објект;
5) известие - пријава за работа;
6) предлог на категорија на угостителскиот објект и
7) податоци и докази за раководителите и другите вработени.

Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителство, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 точките 1), 2), 5) и 7) на овој член, од надлежниот јавен орган, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.

Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член, да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 2 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот

Член 33

Решението за утврдување на категоријата на угостителскиот објект се чува во секој објект за кој е утврдена категоријата.

Доколку се извршат промени во пропишаните стандарди за категоријата на угостителскиот објект утврдена за уредувањето, опремувањето и квалитетот на услугите, угостителот е должен да поднесе барање за нова категоризација во рок од осум дена од денот на промената на пропишаните стандарди (услови) за категоријата на угостителскиот објект.

Доколку угостителот не постапи според постапката утврдена во ставот 3 од овој член, решението за категорија се смета за ништовно.

Промената на категоријата на угостителскиот објект се врши на начин и по постапка пропишани за утврдување на категоријата на угостителскиот објект.

Надлежната Комисија врз основа на барање или пријава, може да изврши увид и да утврди дали угостителскиот објект ги исполнува стандардите за кои со решение му е определена одредена категорија, пред истекот на рокот на важност на решението за утврдување категорија на угостителскиот објект. Доколку Надлежната Комисијата утврди дека угостителскиот објект отстапува од стандардите врз основа на кои му е определена категорија, ќе издаде ново решение за категоризација во соодветна категорија за која ги исполнува стандардите.

Член 47

За давање на угостителски услуги од физички лица во објектите од членот 46 на овој закон мораат да ги исполнуваат минимално-техничките услови и условите за категоризација во смисла на членот 27 став 1 од овој закон.

Категоризацијата на објектите од членот 27 став 2 на овој закон ја врши градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на градот Скопје.

Член 47-а

Градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје води регистар за категоризираните угостителски објекти од членот 27 став 2 од овој закон.

Градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје, до 15 јануари во тековната година, за претходната година доставува извод од регистарот од ставот 1 на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, со цел формирање база на податоци на државно ниво.

Градоначалникот на општината, а во Градот Скопје градоначалникот на Градот Скопје, два пати годишно, до 15 јануари во тековната година за претходната година и до 15 јуни во тековната година, доставува извештај од извршените промени во регистарот од ставот 1 на овој член, до органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Формата, содржината и начинот на водењето на регистарот од ставот 1 на овој член, како и формата, содржината и начинот на доставување на изводот од регистарот од ставот 2 на овој член и формата, содржината и начинот на доставување на извештајот од ставот 3 на овој член, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 50

Договорот од членот 49 на овој закон престанува да важи со неговото раскинување.
Туристичката агенција и туристичкото биро кое е основано од правните лица, раскинувањето на договорот од ставот 1 на овој член ќе го достави до подрачната единица на Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција, државниот пазарен инспектор, во зависност од седиштето на објектот.
Туристичкото биро кое е основано од градоначалникот на општината, а во градот Скопје градоначалникот на градот Скопје, раскинувањето на договорот од ставот 1 на овој член ќе го достави до подрачната единица на Управата за јавни приходи, финансиската полиција, санитарната инспекција, градоначалникот на општината, а во градот Скопје до градоначалникот на градот Скопје и државниот пазарен инспектор, во зависност од седиштето на објектот.

Член 53

Во селските домаќинства се даваат услуги на издавање на соби и апартмани, чиј сопственик или носител на правото на користење е член на селското домаќинство, и тоа најмногу до десет соби, односно 20 легла.
Услугите од ставот 1 на овој член можат да се издаваат доколку се исполнети условите од членот 6 на овој закон.
Освен услугите од ставот 1 на овој член, во селските домаќинства можат да се подготвуваат и послужуваат топли и ладни јадења, пијалаци и напивки главно од сопствено производство најмногу за 50 лица (излетници) истовремено.
Во селските домаќинства можат да се даваат услуги на дегустација на вино или ракија, како и служење на храна од домашно производство во уреден дел од станбен или деловен објект, во затворен, покриен со натстрешник или отворен простор, најмногу за 50 лица (излетници) истовремено.
Заради подобрување на квалитетот на угостителската понуда, во селските домаќинства излетниците (лицата кои престојуваат во селските домаќинства) можат да подготвуваат јадења, пијалаци и напивки за свои потреби.
За давањето на услуги во селските домаќинства се применуваат одредбите од членовите 46 до 52 на овој закон.

Член 53-а

За услугите на физичките лица во угостителските објекти за сместување во рамките на селските домаќинства во руралните средини, по задолжителната категоризација се издава посебна ознака.
Ознаката од ставот 1 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.
Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ја пропишува формата и содржината на образецот на ознаката од ставот 1 на овој член.

Член 53-б

За да може да се добие ознаката од членот 53-а став 1 од овој закон угостителските објекти за сместување во рамките на селските домаќинства во руралните средини треба да ги исполнат следниве критериуми:

1) извршена категоризација согласно со членот 47 од овој закон со не изминат рок на важност;
2) при надворешното и внатрешното уредување на угостителскиот објект да се употребуваат природни материјали, како и мотиви од традиционалната култура, народни инструменти, носии, покуќнина - садови и слично и
3) топлите и ладни јадења, пијалаци и напитоци кои се послужуваат да бидат домашни и еколошки произведени.

Член 53-в

Постапката за добивање на ознаката од членот 53-а од овој закон ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за добивање на ознаката за рурални средини (во натамошниот текст: Комисијата) составена од три члена кои имаат заменици.

Комисијата ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството и е составена од еден член на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, еден член од туристичките комори и еден член од угостителското стопанство.

Членот од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството во Комисијата е и претседател на Комисијата.

За спроведената постапка Комисијата изготвува решение во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето, доколку се исполнети критериумите утврдени согласно со членот 53-а од овој закон.

Решението од ставот 4 на овој член се издава со важност од три години.

Против решението од ставот 4 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Трошоците за добивање на ознаката од членот 53-а став 1 од овој закон ги сноси носителот на селското домаќинство.

Висината на трошоците од ставот 7 на овој член ги определува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството врз основа на реално направените трошоци за работење на Комисијата и подготвувањето на решението.

Трошоците од ставот 7 на овој член се уплатуваат на сметка на сопствени приходи на органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 53-г

За добивање на ознаката од членот 53-а став 1 од овој закон угостителот поднесува барање до давателот на ознаката.

Со барањето од ставот 1 на овој член се приложува:

1) документ за регистрирана дејност од регистарот на физички лица кои вршат угостителска дејност што се води во општината и
2) решение за извршена категоризација.

Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителство, кое ја води постапката, по службена должност ги

прибавува доказите од ставот 2 на овој член, од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.
Службеното лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член, да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
Службен весник на Република Северна Македонија Редакциски пречистени текстови 25 од 44
Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството.

Член 53-д

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството води Регистар за добивање на ознака за руралните средини.
Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ги пропишува формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за добивање на ознака за руралните средини.

Член 53-ѓ

Ознаката од членот 19-а став 1 од овој закон се одзема со решение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, во случаи кога носителот на ознаката ќе престане да ги исполнува критериумите утврдени согласно со овој закон.
Против решението од ставот 1 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Закон
за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 39/16)

Член 7

По членот 70-г, се додаваат три нови члена 70-д, 70-ѓ и 70-ж, кои гласат:

„Член 70-д

Глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на член и заменик член во Комисиите за категоризација и Комисијата за надзор, за несовесно извршување на службената должност и овластување, доколку на необјективен начин е утврдена категорија на угостителскиот објект.

За прекршокот утврден во ставот 1 од овој член, прекршочна постапка се води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 70-ѓ

Глоба во износ од 7.000 до 15.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на фукционерот, или на раководното лице во Министерството за економија,

ако не го достави решението од членот 27-б ставот 5, до барателот на категоризцијата.

Член 70-ж

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок, на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 27-в став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 27-в став 4 од овој закон.

За прекршоците утврдени во ставовите 1 и 2 од овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“

Закон
за изменување и дополнување на Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 53/16)
Член 10

По членот 70-г се додава нов член 70-д, кој гласи:

„Член 70-д

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од општината, а во градот Скопје во општината на градот Скопје, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 4-а став 3 и 4-в став 3 од овој закон.

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 19-в став 3, 21 став 3, 29 став 3 и 53-г став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 4-а став 4, 19-в став 4, 21 став 4, 29 став 4 и 53-г став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од општината, а во градот Скопје во општината на градот Скопје, ако не реши по барањето во рокот утврден во членовите 4-б став 1 и 4-в став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 19-б став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 19-б став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице во органот на државната управа надлежен за работите од областа на угостителството, ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 22 став 1 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 28 став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 28 став 4 од овој закон.Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 53-в став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 53-в став 4 од овој закон.

За прекршоците утврдени во ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на членовите на Комисијата од членот 53-в став 1 од овој закон, ако не решат по барањето во рокот утврден во членот 53-в став 4 од овој закон.

За прекршоците утврдени во ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“.